# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ“ Куманово

## за период од 2026 до 2030 година




април, 2026 година

# Преамбула

Врз основа на член 29-а став (3) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерот за образование и наука донесе Правилник за формата и содржината на развојната програма за работа на средното училиште со број 13-11881/1 од 04.09.2025 година, според кој е изработена оваа развојна програма.

| Развојна програма за работа на средното училиште | |
|---|---|
| **Училиште** | Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“ Куманово |
| **Адреса** | ул. 1 б.б., Долно Којнаре 1300 Куманово,<br>Република Северна Македонија |
| **Телефон,<br>е-пошта** | 031/412-224,<br>rcsookiroburnaz@gmail.com<br>rcsoo-kiroburnaz-kumanovo@schools.mk |
| **Период на подготовка на Развојната програма на училиштето** | април 2026 година |
| **Број на ученици во училиштето** | 582 на македонски наставен јазик<br>218 на албански наставен јазик<br>**Вкупно 800** |
| **Вид на образование<br>(гимназиско, стручно, уметничко)** | стручно |
| **Сектори и квалификации** | **Сектор: Земјоделство, рибарство и ветеринарство**<br>- агротехничар;<br>- техничар за агроменаџмент;<br>- техничар по ветеринарна медицина;<br>- техничар за фитомедицина;<br>**Сектор: Хемија и технологија**<br>- прехранбен техничар;<br>- техничар за козметички и хемиски производи;<br>- пекар;<br>**Сектор: Машинство**<br>- машински техничар за моторни возила;<br>**Сектор: Лични услуги**<br>- техничар за козметичка нега и убавина;<br>- фризер;<br>**Сектор: Сообраќај, транспорт и складирање**<br>- техничар за патен сообраќа;ј<br>**Сектор: Здравство и социјална заштита**<br>- фармацевтски техничар;<br>- дентален асистент. |
| **Директор** | Сузана Максимовска |
| Потпис | |
| Датум | |
| Донесување од управен одбор | |
| Име и презиме<br>(Претседател на управен одбор) | Горан Митевски |
| **Потпис** | |
| **Датум** | |

## Содржина

1. **Податоци за средното училиште**
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на средното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето (од формирањето на државното средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука)**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на средното училиште (СВОТ анализа)**

4. **Мисија и визија на средното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

# 1. Податоци за средното училиште

## 1.1. Идентификациски податоци за средното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Назив на средното училиште | Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“ Куманово |
| Адреса | ул. 1 б.б., Долно Којнаре |
| Телефон | 031/412-224 |
| Место, општина | Куманово |
| Интернет-страница | www.kiroburnaz.edu.mk |
| Е-пошта | rcsookiroburnaz@gmail.com<br>rcsoo-kiroburnaz-kumanovo@schools.mk |
| Ден на училиштето | 14. Октомври |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 4988 м2 на македонски наставен јазик<br>292 м2 на албански наставен јазик |
| Училишен двор (m2) | 28 ha |
| Место на реализација на дејноста надвор од седиштето на средното училиште (доколку има такво) | Во барака од времен карактер во кругот на поранешна Касарна, населба Бедиње |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 1200 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 800 |
| Број на паралелки | 48 |
| Број на паралелки по сектори и квалификации* | **Сектор: Земјоделство, рибарство и ветеринарство**<br>- агротехничар (7 паралелки)<br>- техничар за агроменаџмент (7 паралелки)<br>- техничар по ветеринарна медицина (4 паралелки)<br>- техничар за фитомедицина (4 паралелки)<br>**Сектор: Хемија и технологија**<br>- прехранбен техничар (5 паралелки)<br>- техничар за козметички и хемиски производи (3 паралелки)<br>- пекар (3 паралелки)<br>**Сектор: Машинство**<br>- машински техничар за моторни возила (4 паралелки)<br>**Сектор: Лични услуги**<br>- техничар за козметичка нега и убавина (8 паралелки)<br>- фризер (3 паралелки)<br>**Сектор: Сообраќај, транспорт и складирање**<br>- техничар за патен сообраќај (4 паралелки)<br>**Сектор: Здравство и социјална заштита**<br>- фармацевтски техничар (6 паралелки)<br>- дентален асистент (6 паралелки) |
| Програми за постсредно образование и број на учесници | / |

| | |
|---|---|
| Програми за образование на возрасни и број на учесници | - Управувач со трактори<br>- Производител на млечни производи<br>- Фризер за жени (7 учесници)<br>- Изработувач на бели печива |
| Валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење и број на кандидати | - Управувач со трактори (4 учесници)<br>- Производител на млечни производи (4 учесници) |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски и албански |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |
| Во средното училиште има паралелки од уметничко образование | не |
| Во средното училиште има ресурсен центар | не |
| Други идентификациски податоци карактеристични за средното училиште | |

## 1.2. Историјат на средното училиште

Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ" е образовна институција со голема традиција чии почетоци датираат од 1942 година. Училиштето започнува со работа како Државно ниже земјоделско училиште, а во 1947 година се трансформира во Специјално земјоделско училиште, брои 130 ученици и се преселува во нова зграда во која и денеска е лоцирано. Од 1952 година училиштето го носи името на својот патрон, првоборецот Бурназовски Тодоров Киро – Бурназ. Во истата година во склоп на училиштето започнува да функционира Интернат за сместување на ученици и машинска работилница. Стопанството располагало со 80 хектари површина. Во 1960 година е формиран Земјоделски школски центар „Киро Бурназ", а од 1973 година, училиштето работи под назив Основна организација на здружен труд – Земјоделско училиште „Киро Бурназ". Во 80-тите и 90-тите години од минатиот век се задржува називот Земјоделско училиште „Киро Бурназ", додека во првите 20-тина години од новиот милениум училиштето функционира како Средно стручно општинско училиште „Киро Бурназ" со настава која се изведува на македонски и албански јазик.

Од 1 јануари 2021 година, училиштето се трансформира во Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука за Североисточниот регион што води до извонредност во секторите Хемија и технологија и Земјоделството, рибарството и ветеринарство. Согласно концептот за развој на регионални центри за стручно образование и обука во Република Северна Македонија, дејноста на центарот е проширена и опфаќа формално и неформално образование, образование на возрасни и валидација на неформално и информално учење. Трансформацијата е реализирана на иницијатива на Министерството за образование и наука. а поддржана од Делегацијата на Европската Унија, при што е извршена целосна реконструкција на училишните капацитети и ученичкиот дом и предвидена е набавка на најсовремена опрема за реализација на наставата.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма за работа на средното училиште

| Стратешка цел 1. | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Подигање на квалитетот на воспитно - образовниот процес | 1.1. Воведување нови методи и форми на работа и зголемување на реализацијата на наставата со користење на ИКТ опрема; | ✓ | | | Училиштето е целосно опремено со современа ИКТ опрема, смарт табли и проектори во секоја училница, реализирани се обуки на наставници за употреба на дигитални алатки и ВИ во наставата. |
| | 1.2. Дефинирање стандарди како основа за усогласување на системот за евалуација на постигањата на учениците; | ✓ | | | Изработени се стандарди за оценување на постигањата на учениците на ниво на активи. |
| | 1.3. Подобрување на редовноста на додатна и дополнителна настава; | ✓ | | | Додатна и дополнителна настава се реализира редовно според однапред утврден распоред. |
| | 1.4. Подобрување на индивидуалната и индивидуализираната настава со учениците кои имаат потреба од истата; | ✓ | | | Континуирано се изработени индивидуални и индивидуализирани наставни планови за учениците кои имале потреба за подобрување на успехот и нивна подршка. |
| | 1.5. Подобрување соработка со родителите и добивање на повратни информации за квалитетот и обемот на наставните планови и програми; | | ✓ | | Соработката со родителите е на задоволително ниво, но недостасуваат повратни информации за обемот и квалитетот на наставните програми и планови |
| | 1.6. Унапредување на следењето на реализација на наставата | ✓ | | | Постои систем на редовна посета на часовите, се врши континуран увид во е-дневник и педагошката документација за следење на динамиката на реализација на наставата. |
| | 1.7. Подобрување на реализација на слободни активности во наставните програми; | ✓ | | | Зголемено е учество во воннаставни активности преку ученички проекти, манифестации, натпревари, спортски настани, изложби, саеми, дебати, волонтерски активности. |
| **Стратешка цел 2.** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| Професионален развој на наставниците | 2.1. Изготвување инструменти за идентификување на потребите за професионален развој на наставниците, | ✓ | | | Секој наставник има изработено ЛППР (личен план за професионален развој), професионално досие со чек листи за проценка на професионалните компетенции. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | стручните соработници и директорот; | | | | |
| | 2.2. Стекнување нови знаења и вештини за зголемување на квалитет на подучувањето на учениците; | ✓ | | | Активно учество на наставниот кадар на акредитирани семинари, вебинари фокусирани на современи наставни стратегии. |
| | 2.3. Учествување во обуки за стручно усовршување од областа на практична обука и учење преку работа кај работодавач; | ✓ | | | Реализирани се обуки кај работодавачи и универзитети за сите наставници кои реализираат практична обука и учење преку работа кај работодавач. |
| | 2.4. Хоризонтално учење – споделување на искуства и знаења за различни методи и техники меѓу наставниците; | | ✓ | | Дел од стручните активи практикуваат десеминација по завршена обука за размена на успешни практики. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| Подобрување на инфраструктура | 3.1. Обезбедување просторни услови за нормално одвивање на настава на албански наставен јазик; | | ✓ | | Додадени се 2 училници на постоечкиот објект и добиен е имотен лист за 3 објекти од траен карактер за настава на албански наставен јазик, но се уште не се обезбедени средства за негова реконструкција. |
| | 3.2. Подобрување квалитет на наставата со доопремување со нагледни средства и помагала; | | ✓ | | Недостасува специфичната опрема предвидена според Стандард за опремување на простор на РЦСОО. |
| | 3.3. Зголемување на бројот на современи кабинети и работилници за изведување на практична настава; | | ✓ | | Зголемен е бројот на специјализирани кабинети, но не се целосно опремени со специфична опрема. |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| Промоција на училиштето во локалната заедница | 4.1. Креирање стратегија за зголемување на интересот на учениците кои завршуваат основно образование за запишување во училиштето; | ✓ | | | Изработена е сеопфатна маркетинг стратегија која вклучува презентација во основни училишта, отворен ден на училиштето, интензивна промоција преку социјални мрежи и медиуми |
| | 4.2. Кариерно и професионално советување на учениците во формалното образование; | | ✓ | | Работата на кариерниот центар е заменета со назначување на кариерен советник во училиштето и започнати се активности во насока на кариерно советување на учениците. |
| | 4.3. Следење професионален развој на ученици по завршувањето на стручното образование; | | ✓ | | Учество во пилот проект на МОН за кариерно следење на завршени ученици. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.4. Промовирање мобилност на ученици во меѓугранична и меѓународна соработка; | ✓ | | | Активно аплицирање и учество во Еразмус+ проекти, Суперучилишта на Регионална канцеларија за младинска соработка и други меѓународни и меѓугранични активности. |
| | 4.5. Користење на воспоставени партнерства меѓу образованието и бизнис заедницата во промоција на училиштето; | ✓ | | | Активно учество на бизнис партнерите во промоција на училиштето и учество во заеднички проекти. |
| | 4.6. Учествување на манифестации на локално и национално ниво; | ✓ | | | Редовно учество на саеми за образование, регионални, општински и државни натпревари, локални културни настани и манифестации. |
| **Стратешка цел 5** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| Организирање на активности во Регионален центар за стручно образование и обука | 5.1 Развивање сектор за образование на возрасни и ВНИУ; | | ✓ | | Верифицирани се 4 програми за образование на возрасни, реализирана е обука за „Фризер за жени“ преку АВРМ.<br><br>Валидирани се по 4 кандидати за две квалификации: „Производител на млечни производи“ и „Управувач со трактори“. |
| | 5.2. Развивање сектор за вмрежување и соработка; | ✓ | | | Продлабочена соработка со Европска тренинг фондација од Торино преку членство во мрежата за извонредност со бројни учества на конференции и манифестации за обука и вмрежување, реализирани се заеднички работилници со Европски центар за модерни јазици од Грац, Австрија и УНЕСКО-УНЕВОК мрежата, обезбедено е учество на вкупно 5 Еразмус+ проекти, 2 проекти Суперучилишта со Регионалната канцеларија за младинска соработка, потпишани се 6 меморандуми за соработка со високо образовни институции и центри за стручно образование и реализирани 6 проекти со меѓународни донаторски институции за опремување на училиштето и усовршување на менаџерскиот тим со студиска посета. |
| | 5.3. Развивање сектор за наука, иновации, продуктивност/истражување; | | ✓ | | Учество во работна група за изработка на Концепција за постсредно образование, Стратегија за развој на образование за возрасни. Направени се истражувања за дигитални вештини |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | и компетенции на ученици, за потребите на работодавачите за УПР и уписна политика на училиштето. Учество во саем за социјални иновации од националната пилот програма UpShift, хакатон работилници „Од концепт до развој на реална училишна компанија“, проект на МОН и групацијата Brainster за примена на ВИ во наставата, „Иновативно СОО за одржливо земјоделство“. |
| | 5.4. Развивање сектор за бизнис врска и маркетинг; | | ✓ | | Склучени 80 меморандуми за соработка и маркетинг со бизнис партнери, работодавачи, НВО, универзитети, здруженија и Стопанска комора. |
| | 5.5. Отворање на авто-школа. | | | ✓ | Не се исполнети материјални, технички и човечки ресурси. |

## 3. Фактори што влијат на развојот на средното училиште (СВОТ анализа)

**СВОТ анализа**

| Предности (силни страни) на училиштето | Слабости (слаби страни) на училиште |
|---|---|
| - Јасно и усогласено планирање на наставата (модуларен пристап, ориентација кон исходи)<br>- Квалитетна теоретска и практично ориентирана настава<br>- Наставни програми усогласени со стандарди и пазар на труд<br>- Организација и реализација на практична настава и дуално образование<br>- Континуирана евалуација и подобрување на практичното образование<br>- Континуирана поддршка за развој на практични вештини<br>- Висока проодност на државната матура<br>- Висока стапка на завршување на образованието<br>- Наставен кадар и развој<br>- Стручен, квалификуван и обучен наставен кадар<br>- Континуиран професионален развој (обуки, соработка, современи практики)<br>- Подмладен кадар со креативен пристап<br>- Зајакната колегијалност<br>- Функционален инклузивен тим и техничка поддршка<br>- Партнерства и соработка | - Недостаток на опрема во кујната на ученичкиот дом<br>- Недоволно реконструирани и опремени објекти за настава на албански јазик<br>- Недостаток на човечки ресурси (кадар)<br>- Ограничени финансиски средства за доопремување со специфична опрема за машинска, сообраќајна и здравствена струка<br>- Недоволна афирмираност на неформалното образование |

| | |
|---|---|
| - Воспоставени партнерства со компании и институции<br>- Активен социјален дијалог на локално ниво<br>- Учество во меѓународни проекти и мобилности<br>- Активна комуникација и партнерски пристап со заедницата<br>- Инфраструктура и услови<br>- Целосно реновирано и современо опремено училиште<br>- Функционални училници, лаборатории и работилници со ИКТ<br>- Современа спортска сала<br>- Реновиран ученички дом<br>- Оптимална искористеност на просторните капацитети<br>- Зголемена енергетска ефикасност<br>- Високо ниво на хигиена и безбедност<br>- Чисто и безбедно училиште (осигурување, здравствена заштита)<br>- Поддршка на ученици<br>- Советник за кариерен развој<br>- Редовно информирање за понатамошно образование и работа<br>- Инклузија и адаптација на ученици со посебни потреби<br>- Практична обука за ИОП<br>- Бесплатен превоз и соодветна здравствена заштита<br>- Континуирана превенција од насилство<br>- Добра комуникација наставник–ученик<br>- Резултати и раст<br>- Зголемен упис за 33.4%<br>- Континуитет во успехот (наставни и воннаставни активности)<br>- Управување и организација<br>- Силен раководен тим<br>- Функционален и разновиден Управен одбор<br>- Јасна правна и организациска рамка<br>- Транспарентност и редовност на седници<br>- Систематска самоевалуација и планирање<br>- Вклучување на различни чинители во креирање политики<br>- Отворен дијалог и користење анонимни анкети | |

| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки, предизвици што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
|---|---|
| - Поддршка од национални и меѓународни образовни политики за развој на стручно образование<br>- Усогласување со европски стандарди (EQAVET, ECVET, Erasmus+)<br>- Растечки фокус на дуално образование и учење преку работа<br>- Проширување на соработката со компании и стопански комори<br>- Зголемена побарувачка за стручен кадар на пазарот на труд<br>- Можност за вклучување нови бизнис партнери во практичната обука<br>- Развој на јавно-приватни партнерства<br>- Интеграција на дигитални алатки и ИКТ во наставата<br>- Модернизација на наставни програми со нови технологии<br>- Развој на нови образовни профили согласно пазарните потреби<br>- Развој на STEM и иновативни образовни пристапи<br>- Пристап до европски фондови и грантови<br>- Инвестирање во модернизација на опрема и инфраструктура<br>- Зголемен интерес за стручно образование<br>- Привлекување ученици од поширок регион (интернат)<br>- Развој на неформално образование и доживотно учење<br>- Подобрување на имиџот на училиштето преку успеси и проекти. | - Демографија и конкуренција<br>- Намалување на бројот на ученици (демографски пад)<br>- Конкуренција од други училишта и приватни образовни институции<br>- Миграција на млади и одлив на ученици во странство<br>- Намалени буџети или недоволна финансиска поддршка<br>- Зависност од надворешни извори на финансирање<br>- Зголемени трошоци за одржување и модернизација<br>- Недостиг од квалификувани наставници во стручни области<br>- Намалена мотивација поради оптовареност или системски ограничувања<br>- Брзи промени на пазарот на труд кои тешко се следат<br>- Несовпаѓање помеѓу образовните профили и реалните потреби<br>- Недоволна вклученост на компании во практична обука (во одредени сектори)<br>- Застарување на опремата ако не се обновува континуирано<br>- Недоволни инвестиции во специфични стручни области<br>- Административни бариери и бавни институционални процеси |

## 4. Мисија и визија на средното училиште

**МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО:**

„Да бидеме модерно, атрактивно училиште со пријатна атмосфера за едукација на просперитетни кадри“

**ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО:**

„Современо и европски ориентирано училиште кое е подготвено да одговори на потребите на пазарот на труд и локалната заедница“

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| 1. Усогласеност со пазарот на труд и партнерства | Образованието во функција на економијата, со механизми за евалуација на практичната обука и вклучување на бизнис секторот, се гарантира дека учениците стекнуваат вештини кои се веднаш применливи и барани. |
| 2. Подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес и инклузивност | Флексибилноста на програмите овозможува брза адаптација на промените на пазарот на труд.<br>Современите вештини се важни, како и стручното знаење за идниот успех на поединецот.<br>Стабилна и безбедна средина е предуслов за учење. Без соодветна поддршка за учениците со различни потреби, образовниот систем не може да биде праведен ниту ефикасен. |
| 3. Модернизација и подобрување на материјално – технички услови за работа | Модерна опрема, дигитализација и соодветни просторни услови се основни услови за постигнување висок квалитет во стручното образование. |
| 4. Професионален развој и институционално јакнење | Потреба од континуирано усовршување на наставниот кадар за вклучување на зелена технологија, циркуларна економија, дигитализација, претприемништво, одржлив развој во наставата.<br>Афирмација на центарот во регионот ќе обезбеди поголема можност за упис на ученици, поголема конкурентност во иницирање на соработка со други институции и бизнис секторот. |
| 5. Образование на возрасни и ВНИУ | Училиштето треба да прерасне во препознатлив центар за образование на возрасни, овозможувајќи доживотно учење и валоризирање на неформалното искуство, знаење и вештини.<br>Центарот треба да биде отворен за сите, со вклучување на поголем број на кандидати во процесот на обука на возрасни и валидација што е клучен европски стандард. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

### Од приоритети кон стратешки цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| 1. Усогласеност со пазарот на труд и партнерства | - Воспоставување на одржлив еко-систем на вештини и компетенции |
| 2. Подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес и инклузивност | - Континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовниiот процес преку |

| | |
|---|---|
| | имплементација на современи наставни методи и дигитални алатки |
| 3. Модернизација на материјално – технички услови за работа | - Унапредување на постоечките материјално технички ресурси |
| 4. Професионален развој и институционално јакнење | - Градење на препознатлива институција со унапредување на човечките капацитети |
| 5. Образование на возрасни и ВНИУ | - Развој и промоција на образование за возрасни, валидација на неформално и искуствено учење и постсредно образование. |

**Од стратешки цели кон развојни цели**

| **Стратешка цел 1** | **Развојни цели** |
|---|---|
| Воспоставување на одржлив еко-систем на вештини и компетенции | 1.1 Директно вклучување на работодавачите во ажурирање на наставните програми |
| | 1.2 Следење на вработливоста на учениците |
| | 1.3 Стекнување стручни компетенции и „меки вештини“ |
| | 1.4 Проширување на партнерствата со бизнис секторот и високообразовни институции. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовнииот процес преку имплементација на современи наставни методи и дигитални алатки | 2.1 Модернизирана настава во согласност со современите наставни форми, методи и техники. |
| | 2.2 Унапредување на систем за работа со ранливи и маргинализирани групи, индивидуализација на наставата со акцент на ученици со посебни образовни потреби и талентирани ученици |
| | 2.3. Подобрување соработка со родителите и добивање на повратни информации за квалитетот и обемот на наставниоте планови и програми; |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Унапредување на постоечките материјално-технички ресурси | 3.1 Реализација на набавка на специјализирана опрема |
| | 3.2 Реконструкција на објект за настава на албански јазик |
| | 3.3 Ставање во функција на ученичкиот дом |
| | 3.4 Обезбедување организирана исхрана на ученици. |
| | 3.5 Поставување на фотоволтаици за енергетска ефикасност |
| | 3.6 Реконструкција на надворешното спортско игралиште и хортикултурно уредување на училишниот двор. |

| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** |
|---|---|
| Градење на препознатлива институција со унапредување на човечките капацитети | 4.1 Континуирано стручно усовршување на наставниците и подобрување на капацитетите на кадарот. |
| | 4.2 Препознатливост на институцијата на локално и регионално ниво. |
| | 4.3 Користење на европски практики и воведување индикатори за обезбедување квалитет базирани на самоевалуација. |
| **Стратешка цел 5** | **Развојни цели** |
| Развој и промоција на образование за возрасни, валидација на неформално и искуствено учење и постсредно образование. | 5.1 Проширување на понудата со изработка на нови посебни програми за образование на возрасни, парцијални квалификации и микропотврди според направени истражување за потребите на пазар на труд |
| | 5.2 Изнаоѓање модел на финансирање на кандидатите за валидација на неформално и искуствено учење |
| | 5.3 Кампањи за подигање на јавна свест за можностите што ги нуди центарот за ОВ и ВНИУ. |
| | 5.4 Развој на програми за постсредно образование |
| | 5.5 Отворање на авто-школа |

## 7. Акциски план за реализација на развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1. Воспоставување на одржлив еко-систем на вештини и компетенции** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1 Директно вклучување на работодавачите во ажурирање на наставните програми** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за спроведување** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** | **Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите** |
| Организирање состаноци со бизнис заедницата (фокус групи) | Склучени нови меморандуми за соработка | Директор, координатор за УПР, ментори во компании | континуирано во тек на целата година | ИКТ опрема, посебна просторија за состаноци | Директор, координатор за УПР наставници по УПР | Записници од средби, потпишани меморандуми |
| Посети и предавања на претставници од компании во наставата и во вонннаставните активности | Реализирани најмалку 4 предавања годишно | Актив на наставни предмети | континуирано во тек на целата година | ментор од компанија, наставен материјал | Директор координатор за УПР претседател на актив | дневник на активности, извештаи од активности |
| **Развојна цел 1.2. Следење на вработливоста на учениците** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за спроведување** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите** |
| Воспоставување систем за следење на вработливоста на учениците преку креирање база на податоци | Процент на дипломирани ученици кои се вработени во рок од 6 – 12 месеци и број на поранешни ученици вклучени во база на податоци | Директор, Кариерен советник педагог/психолог, ИТ координатор, наставници | континуирано во тек на целата година | Софтвер/Excel база, ИКТ опрема | Директор; Кариерен советник; Актив на наставници | База на податоци, извештаи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовни анкети и директна комуникација со поранешни ученици и работодавачи | Процент на одговорени анкети;<br>Број на контактирани поранешни ученици и компании | Педагог/психолог, наставници, кариерен советник | континуирано во тек на целата година | Анкетни прашалници | Директор;<br>Кариерен советник;<br>Актив на наставници | Анкети (Google Forms), извештаи |

**Развојна цел 1.3. Стекнување стручни компетенции и „меки вештини“**

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за спроведување** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите** |
|---|---|---|---|---|---|---|
